ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТТА**

Професор Волтер Андрусизин, заменик американски Амбасадор во НАТО на **4-ти мај 2009 година** на покана на Институтот ОХРИД одржа предавање на Универзитетот Американ Колеџ. Темата на предавањето се фокусираше на НАТО алијансата, имено значењето во минатото и денес и економскиот развој. Професорот Андрусизин ја подели лекцијата на два дела, во првиот дел зборуваше за транс-атлантската агенда  додека во вториот дел за демократизацијата и економскиот развој.

Професорот Андрусизин најпрво зборуваше за НАТО алијансата и за агендата на НАТО започнувајќи од самите почетоци, имено од формирањето на НАТО: Договорот во Вашингтон: 4-ти април 1949; колективната одбрана; застрашувачка војна; крајот на Студената војна; деведесетите; потрагата по нова цел; проширувањето; Русија; Босна/Косово; нова мисија; тероризам; Афганистан.

Професор Андрусизин го истакна најважното прашање на агендата и посебно внимание обрна на прашањето за проширување. Професорот Андрусизин ги објасни  придобивките кои Република Македонија ќе ги добие од приклучувањето кон алијансата, и истовремено започна дебата со тудентите во однос на Македонија и нејзиното прашање за приклучување кон алијансата. Студентите заеднос со Професорот дискутираа и за прашањето за името и спорот со Република Грција. Професорот Андрусизин се обиде да им го објасни на студентите најдобро што може ова прашање и да им одговори на се она што ги интересира. Како реномиран Професор со огромно искуство кој предава на Унверзитетот на Флорида, го водеше предавањето како своевидна дебата инсистирајќи на инволвирање на студентите во темата.

Втората тема, имено вториот дел од предавањето беше за економскиот развој и за процесот на демократизација. Професорот Андрусизин разгледа повеќе прашања во однос на оваа тема, имено ги презентираше процентите на потрошувачка на САД, зборуваше за глобализацијата и за економскиот развој.

Еден од импресивните аспекти на неговото предавање беше фокусот на студентите како „ко-креатори на предавањето и инцирањето дебати“, накратко Професорот Андрусизин ја отвори и ја иницираше потребата за поголема улога на студентите во програмата и предавањата, имено нивно постојано инволвирање во дискусиите.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Институтот ОХРИД искрено му се заблагодарува на Професорот Андрусизин за времето и придонесот кон Меѓународната образовна програма.

Професор Андрусизин е заменик постојан претставник на САД во НАТО, а воедно, е и професор на Колеџот за бизнис и администрација на Универзитетот во Јужна Флорида каде што предава меѓународен бизнис.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk